

ИЗДАНИЕ БР.46,
МЕСЕЦ АПРИЛ 2023

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО ДРЕНОВО, КОЕ ОПФАЌА КОМПЛЕТНО НОВ СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ПО ШТО СЛЕДУВА И ДРЕНАЖА.
МЕХАНИЗАЦИЈАТА ЗА РАБОТА Е ДОНАЦИЈА ОД ФИРМАТА ЈА-МИ .





НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ДВЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ
ПОСТАВЕНИ СЕ 8 НОВИ КАНДЕЛАБРИ НА ПАТЕКАТА НА ПАРКОТ КИРО КРСТЕВ И НА УЛ. „ДИСАНСКА". ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОНТИНУИРАНО РАБОТИ НА УШТЕ ПОДОБРО И НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.
КАНДЕЛАБРИТЕ СЕ ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА, А БЕА ПОСТАВЕНИ ОД ЈП ПАРКИНГ.

ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛ.ИЛО КОСТОВ ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2022 ГОДИНА.
РЕКОНСТРУКЦИЈАТА ОПФАЌА ГРЕБЕЊЕ, ПРОМЕНА НА ИВИЧЊАЦИ И АСФАЛТИРАЊЕ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

J.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖИ СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА 2023 ГОДИНА.

НА УЛ. ГАЛИШКА ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 270М СО ЦЕВКИ Ф315 И НА ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА СО ДИЈАМЕТАР Ф63 ВО ДОЛЖИНА ОД 270МЕТРИ. СО ОВА СЕ РЕШАВА ДОЛГОГОДИШНИОТ ПРОБЛЕМ СО КАНАЛИЗАЦИЈАТА НА ГРАЃАНИТЕ КОИ ЖИВЕАТ ВО ОВАА НАСЕЛБА.



JП КОМУНАЛЕЦ ПРОДОЛЖУВА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА 2023 ГОДИНА. СЕ ВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ.БРУШАНСКА, ВО ДОЛЖИНА ОД 170 МЕТРИ СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф 315. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е JП КОМУНАЛЕЦ.



ВО ТЕК Е РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ.27 МАРТ ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ, ВО ДОЛЖИНА ОД 500 МЕТРИ И ДОВОД НА ВОДА ЗА СПОРТСКИОТ ТЕРЕН. ОВАА ИНВЕСТИЦИЈА Е НА J.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПО ПРОГРАМА ЗА 2023 ГОДИНА.ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ИЗНЕСУВА 6 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ НА УЛ.ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ. ОВА ПОПЛОЧУВАЊЕ Е ДЕЛ ОД ДОГОВОРОТ ЗА УШТЕ НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ СО ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА ОД 4 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.





УЛИЦАТА ВИШЕШНИЦА ГО ДОБИВА ВИСТИНСКИОТ ЛИК!

КОМПЛЕТНО Е ЗАВРШЕН И ВТОРИОТ СЛОЈ ОД АСФАЛТИРАЊЕТО, ОТКАКО ПРЕТХОДЕШЕ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА, АТМОСФЕРСКАТА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА, ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И НОВ ДРВОРЕД.

ТРОТОАРИТЕ СЕ ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ИЗВЕДУВАЧ Е ПАВЕР ТРЕЈД, А АСФАЛТИРАЊЕТО Е ВО СКЛОП НА ПРОЕКТОТ ОД КФВ СО ЈП КОМУНАЛЕЦ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ .

СЕ ПОСТАВУВААТ МЕТАЛНИ СТОЛБЧИЊА НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ КОИ СЕ ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА. СЛУЖБИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД ЌЕ ПРОДОЛЖАТ СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ИСТИТЕ СО ЦЕЛ БЕЗБЕДНО И НЕПРЕЧЕНО ДВИЖЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ.



НОВИОТ ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР НА УЛ.ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ Е ЦЕЛОСНО ЗАВРШЕН! ЗАВРШЕНА Е ИЗГРАДБАТА НА НОВИОТ ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР ВО ДОЛЖИНА ОД 560 МЕТРИ СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф800. ВО НАРЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ И АСФАЛТИРАЊЕ.





ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФАСАДА НА ЗГРАДА НА УЛ.ЃУРО САЛАЈ БР.15 ПО ШТО СЕ ПРЕДВИДУВА КРПЕЊЕ НА ОШТЕТЕНИТЕ ДЕЛОВИ И ФАРБАЊЕ НА ИСТАТА.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.

АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „КРСТЕ МИСИРКОВ" И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ, ПО ПРЕТХОДНО ПРОМЕНЕТА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ПРОДОЛЖУВА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА МЕТАЛНИ СТОЛБЧИЊА НА УЛ.БРАЌА ЏУНОВИ СПОЈ СО УЛ.ПРЕСПА И ВО С.ВАТАША. ОВИЕ СТОЛБЧИЊА СЕ ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА. СЛУЖБИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД ЌЕ ПРОДОЛЖАТ СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ИСТИТЕ СО ЦЕЛ БЕЗБЕДНО И НЕПРЕЧЕНО ДВИЖЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ.





ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТАРИТЕ НА УЛ. „7-МИ СЕПТЕМВРИ" ОТКАКО ПРЕТХОДНО СЕ ПОСТАВИЈА СИТЕ ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ ОД ОПЕРАТОРИТЕ, СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ЗА ДРВЈАТА ШТО ЌЕ СЕ САДАТ ВО ИДНИНА, КАКО И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА, АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА И ВОДОВОДНА ЛИНИЈА. ОВА Е ВО СКЛОП НА ПРОЕКТОТ ОД КФВ БАНКА, СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЖИКОЛ, А ПОДИЗВЕДУВАЧ Е ПАВЕР ТРЕЈД.

ЗАПОЧНА БЕТОНИРАЊЕ НА УЛ. ЈАДРАНСКА, КАДЕ ПРЕТХОДНО БЕШЕ РЕКОНСТРУИРАНА ФЕКАЛНАТА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА СО ЦЕВКИ Ф250. РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ОВАА УЛИЦА Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА 2023 ГОДИНА.

ИЗВЕДУВАЧ И ИНВЕСТИТОР Е ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ПРОДОЛЖУВА СО ИНТЕНЗИВНО ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ ДЕНОВИВЕ СЕ ЧИСТИ ДИВА ДЕПОНИЈА НА КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ







СЕ ЗАПОЧНА СО ПРОБИВАЊЕ НА УЛ. 25 ТИ МАЈ ВТОРА ФАЗА, ОДНОСНО НА КРАК 1, КРАК 2, ДОДЕКА ПАК КРАЦИТЕ 5/1 И КРАК 5 СЕ ПРОБИВАА МИНАТАТА ГОДИНА СО ШТО СЕ ПОСТАВИ КОМПЛЕТНА ПОДЗЕМНА ИНСТАЛАЦИЈА ВОДА И КАНАЛИЗАЦИЈА, А СО ОВОГОДИНЕШНИОТ ДОГОВОР ОПШТИНАТА ЌЕ ПРИСТАПИ КОН АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАЦИТЕ 5/1, КРАК5, И ПРОБИВАЊЕ СО ТАМПОНИРАЊЕ И ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ НА ОСТАНАТИОТ ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ. ОВАА ИНВЕСТИЦИЈА ОД 19.000.000 ДЕН СО ДДВ ОПФАЌА АСФАЛТИРАЊЕ НА ПОВРШИНА ОД 1200М2, ПРОБИВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 410М ОДНОСНО НА ПОВРШИНА ОД 2500М2, ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 460М, ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 305М, И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 450М, И КОМПЛЕТНО НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 720М.

НА УЛ.27 МАРТ ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ, ЈП КОМУНАЛЕЦ , ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 500 МЕТРИ И ДОВОД НА ВОДА ЗА СПОРТСКИОТ ТЕРЕН. ОВАА ИНВЕСТИЦИЈА Е НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ПО ПРОГРАМА ЗА 2023 ГОДИНА. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ИЗНЕСУВА 6 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА МОНТАЖА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА БУЛЕВАР „МАКЕДОНИЈА" ВО ДОЛЖИНА ПО ЦЕЛИОТ БУЛЕВАР, СО Ф1200 ЦЕВКИ ОД 600 МЕТРИ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЖИКОЛ.



СЕ ЗАПОЧНА СО АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.ИЛО КОСТОВ. ВО ПРЕТХОДНИТЕ ФАЗИ БЕА ПОСТАВЕНИ НОВИ ИВИЧЊАЦИ И ВАДЕЊЕ НА СТАРИОТ АСФАЛТ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ

СЕ ПРОДОЛЖУВА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА МЕТАЛНИ СТОЛБЧИЊА НА БУЛ.КОЧО РАЦИН СПОЈ СО БУЛ.МАКЕДОНИЈА. ОВИЕ СТОЛБЧИЊА СЕ ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА. СЛУЖБИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД ЌЕ ПРОДОЛЖАТ СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ИСТИТЕ СО ЦЕЛ БЕЗБЕДНО И НЕПРЕЧЕНО ДВИЖЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО С.ДРЕНОВО. ВО ТЕК Е НОСЕЊЕ НА ЗЕМЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА А ВО НАРЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОСТАВИ СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ И СЕЕЊЕ НА ТРЕВА.





ГРАДСКИОТ СТАДИОН ВО КАВАДАРЦИ ВЕЌЕ ГО ДОБИВА НОВИОТ ЛИК. ПУШТЕНИ СЕ ВО УПОТРЕБА ТРИТЕ ТРИБИНИ, А НА НАС КАВАДАРЧАНИ ОСТАНУВА САМО РЕДОВНО ДА ГИ СЛЕДИМЕ НАТПРЕВАРИТЕ И ДА НАВИВАМЕ ЗА НАШИОТ ТИКВЕШ.

НАПРЕД ТИКВЕШ, ЗА ПОБЕДНИЧКО КАВАДАРЦИ



ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ, КОЕ ЗА КРАТКО ВРЕМЕ ЌЕ БИДЕ ПУШТЕНО ВО УПОТРЕБА. РЕКОНСТРУКЦИЈАТА ОПФАЌАШЕ ПОСТАВУВАЊЕ НА ЦЕЛОСНО НОВ СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ, ДРЕНАЖА И НОВА ТРЕВА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО ПРОЕКТОТ ЗА ОЗЕЛЕНУВАЊЕ И ПОДИГАЊЕ НА НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ
СЕ РАБОТЕШЕ НА ПОДИГАЊЕ НА ЗЕЛЕНА ПОВРШИНА НА ПАРКОТ КИРО КРСТЕВ И НАСЕЛБА БЕЛ КАМЕН



АКЦИЈАТА ЌЕ ПРОДОЛЖИ И ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД!



ВО „ПАРКОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА“ СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ ПРОЕКТ ПРЕКУ КОЈ ДЕНДРОПАРКОТ СЕ ЗБОГАТИ СО НОВИ 130 ДЕКОРАТИВНИ ГРМУШКИ И ДРВЈА, И 43 ЦВЕЌИЊА. ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ СЕ ПОГРИЖИ СТРУЧЕН ТИМ И ЕКСПЕРТИ ОД КАВАДАРЦИ.

ПОКРАЈ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ КАКО СТРУЧНИ ЧЛЕНОВИ ВО ОРГАНИЗАЦИСКАТА СТРУКТУРА СЕ ВКЛУЧЕНИ СОЗШУ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ И ЈП КОМУНАЛЕЦ КОИ ЌЕ СЕ ПОГРИЖАТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОДДРШКА ЗА МАЛИТЕ СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ И ЗДРУЖЕНИЈА КОИ РАБОТАТ НА ПРОМОЦИЈА НА ВИНСКИОТ СЕКТОР. ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ИЗДВОЈУВААТ 1,3 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ЗА ПОДДРШКА НА ОВИЕ ЗДРУЖЕНИЈА КОИ СО ГОЛЕМА ЉУБОВ И ПОСВЕТЕНОСТ РАБОТАТ НА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ТРАДИЦИЈАТА А ИСТОВРЕМЕНО И ПРОМОЦИЈА НА НАШИОТ КРАЈ, НО И ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ГОЛЕМ БРОЈ НА ТУРИСТИ.



ОВИЕ ДЕНОВИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРИСТИГНА ДОНАЦИЈА НА КОМПЈУТЕРСКА ОПРЕМА. ДОНАЦИЈАТА Е ОБЕЗБЕДЕНА ВО КОМУНИКАЦИЈА СО АЛЕКСАНДАР МУРЏЕВ СО ПОТЕКЛО ОД КАВАДАРЦИ КОЈ ШТО ЖИВЕЕ И РАБОТИ ВО ГЕРМАНИЈА ВО КОМПАНИЈАТА "EPT – ELECTRONIC PRECISION TECHNOLOGY" ОД ОБЛАСТА НА ХАРДВЕР И СОФТВЕР. КОМПЈУТЕРИТЕ ЌЕ БИДАТ НАМЕНЕТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И УСТАНОВИ ОСНОВАНИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, КАКО И ПОТРЕБИТЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ИЗРАЗУВАМЕ БЛАГОДАРНОСТ ДО КОМПАНИЈАТА И СЕ НАДЕВАМЕ НА ПОНАТАМОШНА СОРАБОТКА.



# ВЕРСКИ ПРАЗНИЦИ



СВЕТЛИНАТА НА ХРИСТОВОТО ВОСКРЕСЕНИЕ НЕКА ГИ ОСВЕТЛИ ВАШИТЕ СРЦА. БЛАГОСЛОВЕНИ НЕКА СЕ ВАШИТЕ СЕМЕЈСТВА!

ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ

НАВИСТИНА ВОСКРЕСЕ !





ПРИПАДНИЦИТЕ ОД ИСЛАМСКАТА ВЕРОИСПОВЕД ГО СЛАВАТ МЕСЕЦОТ РАМАЗАН, РАМАЗАН ИШЕРИТ. ПО ТОЈ ПОВОД ЗА СИТЕ ЧЛЕНОВИ И ПРИЈАТЕЛИ ОД ИСЛАМСКА ВЕРОИСПОВЕД, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЏАМИСКИОТ ОДБОР АХМЕТ ФАЗЛИОВ, ВО НИВНА ЧЕСТ ОРГАНИЗИРАШЕ ИФТАР-СКА ВЕЧЕР. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ОВОЈ ГОЛЕМ ИСЛАМСКИ ПРАЗНИК НЕ ПОТСЕТУВА ДЕКА ВЕРАТА, ПОСВЕТЕНОСТА И МОЛИТВАТА ДАВААТ ДУХОВЕН МИР, А ПОЧИТУВАЊЕТО НА БЛИСКИТЕ И СПОДЕЛУВАЊЕТО СО ОНИЕ КОИ ИМААТ ПОМАЛ-КУ, СЕ УНИВЕРЗАЛНИ ВРЕДНОСТИ ЗА КОИ СИТЕ СЕ ЗАЛАГАМЕ. ДА ГИ ИСКОРИСТИМЕ РЕЛИГИИТЕ И ВЕРСКИТЕ УВЕРУВАЊА ЗА УБАВИ НЕШТА.



НЕКА ОВОЈ ГОЛЕМ ПРАЗНИК ВИ ДОНЕСЕ ПРИЈАТНИ ДЕНОВИ, ИСПОЛНЕТИ СО МИР И БЛАГОСОСТОЈБА.





# НАСТАНИ

## АПРИЛИЈАДА 2023

УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ДРУЖБА И ВО УЛОГА НА НИВНИТЕ ОМИЛЕНИ ЛИКОВИ, ГО ОДБЕЛЕЖАА ДЕНОТ НА ШЕГАТА 1 АПРИЛ.





СВЕТСКИ ДЕН НА СВЕСНОСТА ЗА АУТИЗМОТ. СО ВКЛУЧУВАЊЕ НА СИНО СВЕТЛО НА ФОНТАНИТЕ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИМ ИСПРАТИВМЕ ПОРАКА ЗА ПОДДРШКА НА СИТЕ ЛИЦА СО АУТИЗАМ.



## ЧЕСТВУВАЊЕ ЗА 79 ГОДИНИ ОД УБИСТВОТО НА НАРОДНИТЕ ХЕРОИ ДИМЧЕ МИРЧЕВ И КИРО КРСТЕВ



ВО ПРИСУСТВО НА ДИРЕКТОРОТ НА ВЕСНИКОТ ВЕЧЕР И ПОРТАЛОТ VECER.PRESS Г-ДИН БОБАН БОГДАНОВСКИ АНДРЕСКИ, НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ МУ Е ВРАЧЕНА ПЛАКЕТА „МЕНАЏЕР ЗА 2022 ГОДИНА", ЗА ОСОБЕН ПРИДОНЕС ВО РАЗВОЈОТ НА ОПШТИНАТА И НА КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА. ВЕСНИКОТ ВЕЧЕР ПО ПОВОД ЈУБИЛЕЈОТ ОД 60 ГОДИНИ, ОВАА ГОДИНА, ОВА ВИСОКО ПРИЗНАНИЕ ГО ДОДЕЛИ НА 7 МЕНАЏЕРИ НА ПРЕСТИЖНИ КОМПАНИИ ЗА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО СВОЕТО РАБОТЕЊЕ.




ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ВО ОВАА ПРИЛИКА ИЗЈАВИ „ОД ВЕСНИКОТ ВЕЧЕР И ПОРТАЛОТ VECER.PRESS КАКО НАЈПРЕСТИЖНИ И НАЈОБЈЕКТИВНИ, СУМ ПРИЈАТНО ИЗНЕНАДЕН ЗА ИЗБОРОТ НА МЕНАЏЕР ЗА 2022, А УШТЕ ПОПРИЈАТНО ИЗНЕНАДЕН ОД ПРИСУСТВОТО НА ДЕНЕШНИТЕ ГОСТИ ДИРЕКТОРОТ БОБАН БОГДАНОВСКИ АНДРЕСКИ И ГЛАВНИОТ УРЕДНИК ВЕСНА МИЌИЌ БОЖИНОВСКА И ТОА ШТО ЛИЧНО МИ ЈА ВРАЧИЈА ОВАА ПЛАКЕТА. МОТИВАЦИЈАТА ОД ОБЈЕКТИВНОСТА НА ЛУЃЕТО Е МОЈ НАЈГОЛЕМ ПРЕДИЗВИК ЗА ПОНАТАМОШНО РАБОТЕЊЕ".

ВО ДПД САШКО ГЕШОВСКИ СЕ ОДРЖА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА КОЕ УЧЕСТВУВАА ОСНОВАЧИТЕ И ДЕЛ ОД ЧЛЕНСТВОТО НА ДРУШТВОТО. НА СОБРАНИЕТО СЕ РАЗГЛЕДАА НЕКОЛКУ ТОЧКИ КАКО ДОСЕГАШНАТА РАБОТА И АКТИВНОСТИТЕ НА ДПД ВО ТЕКОТ НА 2022ГОДИНА, ПЛАН ЗА РАБОТА И АКТИВНОСТИ ЗА 2023 ГОДИНА КАКО И ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ. БИ САКАЛЕ ДА ВЕ ИНФОРМИРАМЕ ДЕКА ДПД ГИ ПРОДОЛЖУВА СВОИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ НО И ГИ ШИРИ СВОИТЕ АКТИВНОСТИ И СОРАБОТКИ СО ДРУГИ ДПД НИЗ РЕПУБЛИКАТА



# НАСТАНИ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ПРИСУСТВУВАШЕ НА НАСТАН ОРГАНИЗИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПРЕКУ ПРОГРАМАТА „ЕУ ЗА ОПШТИНИТЕ" И ГОСТИ ЕКСПЕРТИ ОД ГЕРМАНИЈА. ЕКСПЕРТИ ВО СВОИТЕ ОБЛАСТИ, КОИ, СО ГОЛЕМА ЖЕЛБА САКААТ НИВНИТЕ ИСКУСТВА И НИВНОТО ЗНАЕЊЕ ДА НИ ГО ПРЕНЕСАТ ЗА НАШ ПОГОЛЕМ РАЗВОЈ И НАПРЕДОК ВО ПОЛЕТО НА МЕЃУОПШТИНСКАТА СОРАБОТКА .



ПРОГРАМАТА "ЕУ ЗА ОПШТИНИТЕ" Е ПРОГРАМА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОЈА ДИРЕКТНО ГИ ПОДДРЖУВА ЛОКАЛНИТЕ САМОУПРАВИ ВО НАШАТА ЗЕМЈА ПРЕКУ ГРАНТОВА ШЕМА СО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 5 МИЛИОНИ ЕВРА, А КОЈА ИМ ОВОЗМОЖИ НА 8 ОПШТИНИ ДА ДОБИЈАТ ГРАНТОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ЕУ ВО ИЗНОС ДО 800.000 ЕВРА. ВАКВИОТ ТИП НА ПОДДРШКА ЗА ОПШТИНИТЕ Е ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ НЕ САМО КАКО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ТУКУ И КАКО НАПРЕДОК ПРЕКУ НОВИ ПРОЕКТИ КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ А СО ТОА И ПОГОЛЕМ РАЗВОЈ НА ЕДНА ОПШТИНА.

ДЕНЕС ГИ ПОКАНИВМЕ И НАШИТЕ ПРИЈАТЕЛИ ОД ОБЛАСТА НА ХОТЕЛИЕРСТВОТО, ВИНСКИОТ ТУРИЗАМ КАКО И ДИРЕКТОРИТЕ НА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ДА СЕ ЗАПОЗНААТ СО НАЈДОБРИТЕ ОПШТИНСКИ ПРАКТИКИ НА ГЕРМАНИЈА, А СО ТОА ПРЕКУ ПРАКТИКА ДА БИДЕМЕ ЧЕКОР ПОБЛИЗУ ДО ГОЛЕМАТА ГЕРМАНИЈА.

НАШИТЕ ГОСТИ ПРЕКУ ВИНСКИОТ МУЗЕЈ ЌЕ СЕ ЗАПОЗНААТ СО ГОЛЕМАТА КАВАДАРЕЧКА ТРАДИЦИЈА И КУЛТУРА И СЕ НАДЕВАМ ЌЕ УЖИВААТ ВО ОНА ШТО ГО НУДИ НАШИОТ ГРАД И ШТО ЌЕ ИМААТ МОЖНОСТ ДА ГО ВИДАТ И ПОСЕТАТ.








БЕШЕ ПОТПИШАН ДОГОВОР ЗА ИЗГРАДБА НА РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ И ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО ВО ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ПОМЕЃУ ЦРВПР И ИЗВЕДУВАЧОТ НА РАБОТИТЕ АС МАШИНИ КАВАДАРЦИ. ЛОКАЦИЈАТА НА ОБЈЕКТОТ Е ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ НА ПОВРШИНА ОД 5470 М2. ЦЕЛОСНАТА ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 14 892 319 ДЕНАРИ. ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ВО ВИСИНА ОД 5 119 385 ДЕНАРИ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД ШВАЈЦАРСКА АМБАСАДА А ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ВО ВИСИНА ОД 9 772 933 ДЕНАРИ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА. СОГЛАСНО ДИНАМИКАТА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ , ЦЕЛИОТ ПРОЕКТ ТРЕБА ДА БИДЕ ГОТОВ ВО НАРЕДНИТЕ 6 МЕСЕЦИ. ДЕВЕТТЕ ОПШТИНИ ВО ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН УСВОИЈА МОДЕЛ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ПРИФАТИЛИШТАТА НА РЕГИОНАЛНО НИВО, ПРЕКУ КОЈ СЕКОЈА ОПШТИНА ОБЕЗБЕДИ ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ЗА ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ ЗА РАБОТЕЊЕ НА ЦЕНТАРОТ.



ОВАА ГОДИНА ОДБЕЛЕЖУВАМЕ 30 ГОДИНИ ОД ВОСПОСТАВУВАЊЕТО ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА.

И ЗАТОА ВО ЗНАК НА ОВА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ, АМБАСАДОРОТ НА КИНА ВО МАКЕДОНИЈА Г-ДИН ЦАНГ SУО И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, ОРГАНИЗИРАА НАСТАН КОЈ ИМАШЕ ЗА ЦЕЛ ПРОМОВИРАЊЕ НА КИНЕСКАТА КУЛТУРА И КУЈНА, ПРЕКУ ЗАЕДНИЧКО ДРУЖЕЊЕ И РАЗМЕНУВАЊЕ МИСЛЕЊА ЗА ДВАТА ПРИЈАТЕЛСКИ НАРОДИ.







СПОРЕД ТЕМЕЛНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА УНДП И АНАЛИЗА НА ТЕМА „ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ НА ЛОКАЛНО НИВО НАСОЧЕНО КОН ГРАЃАНИТЕ: ПРИСТАП ЗАСНОВАН ВРЗ ПОДАТОЦИ ЗА ПОЗИТИВНИ ОТСТАПУВАЊА" ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ЕДНА ОД ОПШТИНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА КОЈА Е ПОЗИТИВЕН ПРИМЕР ЗА ДОБРО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ, РЕДОВНО СЕРВИСИРАЊЕ НА ПРЕВЗЕМЕНИТЕ ОБВРСКИ, ПАРТИЦИПАТИВНО БУЏЕТИРАЊЕ, РОДОВО СЕНЗИТИВНО БУЏЕТИРАЊЕ, НИСКО ЗАДОЛЖУВАЊЕ, ОДЛИЧНА КОМУНИКАЦИЈА СО НЕВЛАДИНИОТ И БИЗНИС СЕКТОРОТ, КАКО И ВИСОКО НИВО НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ.




ОВА Е УШТЕ ЕДНА ПРИЧИНА И СЕКАКО МОТИВАЦИЈА ШТО НЕ ОХРАБРУВА ДА ПРОДОЛЖИМЕ ДА РАБОТИМЕ НАПОРНО И САМО ВО ИНТЕРЕС НА ГРАЃАНИТЕ!

КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!



БЕШЕ ОДРЖАН СОСТАНОК СО ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО, НИКОЛА БАБОВСКИ И НЕГОВИОТ СТРУЧЕН ТИМ. НА СОСТАНОКОТ БЕШЕ ПРОВЕРЕНА ИСПОЛНЕТОСТА ННА ПРЕДУСЛОВИТЕ ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ СО ИЗГРАДБА НА СТАЦИОНАРОТ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ.




ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ СОСТАНОК СО МИНИСТЕРОТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА Г-ДИН РИСТО ПЕНОВ, ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ НА ОПШТИНИТЕ, ИЗВЕДУВАЧОТ НА ОБЈЕКТОТ АС МАШИНИ ДООЕЛ, НАДЗОРОТ НАД ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ - МБМ – АРХИТЕКТИ ОД СКОПЈЕ И ПРОЕКТНАТА КАНЦЕЛАРИЈА НА ШВАЈЦАРСКА АМБАСАДА ВО СКОПЈЕ, ДИРЕКТОРОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН.

ЛОКАЦИЈАТА НА ОБЈЕКТОТ Е ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ НА ПОВРШИНА ОД 5470 М2. ЦЕЛОСНАТА ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 14 892 319 ДЕНАРИ. ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ВО ВИСИНА ОД 5 119 385 ДЕНАРИ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД ШВАЈЦАРСКА АМБАСАДА А ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ВО ВИСИНА ОД 9 772 933 ДЕНАРИ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА.

СОГЛАСНО ДИНАМИКАТА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ , ЦЕЛИОТ ПРОЕКТ ТРЕБА ДА БИДЕ ГОТОВ ВО НАРЕДНИТЕ 6 МЕСЕЦИ. ДЕВЕТТЕ ОПШТИНИ ВО ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН УСВОИЈА МОДЕЛ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ПРИФАТИЛИШТАТА НА РЕГИОНАЛНО НИВО, ПРЕКУ КОЈ СЕКОЈА ОПШТИНА ОБЕЗБЕДИ ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ЗА ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ ЗА РАБОТЕЊЕ НА ЦЕНТАРОТ. СО ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЌЕ ЗАПОЧНЕМЕ ДА ГО РЕШАВАМЕ ГОЛЕМИОТ ПРОБЛЕМ СО КУЧИЊАТА БЕЗДОМНИЦИ.

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ПРИСУСТВУВАШЕ НА ПРЕЧЕКОТ НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ОД ЕВРОПСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА ГРАНИЧНА И КРАЈБРЕЖНА СТРАЖА- ФРОНТЕКС ВО РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ ЈУГ ВО КАВАДАРЦИ.

ВОЕДНО НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА, ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРОТ ОЛИВЕР СПАСОВСКИ МУ БЕШЕ ДОДЕЛЕНА БЛАГОДАРНИЦА ЗА ПАРТНЕРСТВО И УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ ОД ЗАЕДНИЧКИ ИНТЕРЕС ВО МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА МВР.




## ПРОЕКТОТ „ОБРОК ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ" ЗАПОЧНУВА СО РЕАЛИЗАЦИЈА!

ОД ВТОРНИК 02.05.2023 ОФИЦИЈАЛНО ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА ПРОЕКТОТ "ОБРОК ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ" КОЈ БЕШЕ ДЕЛ ОД ПРЕДИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, И Е НАМЕНЕТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ. ПРОЕКТОТ ЌЕ ТРАЕ ДО КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА И ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА СОГЛАСНО ПРЕТХОДНО РЕГУЛИРАНИТЕ ЗАКОНСКИ ПОСТАПКИ ЗА ЗАШТИТА НА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ.





Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова

**Печати:** печатница Графо Пром Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk